ПРОТОКОЛ ЗА КОНВИВИУМ

Дел 1
Правилник за конвивиум

Член 1.
Конвивиумот

Конвивиумот претставува основната организациона структура на организацијата, во која што членовите на Слоу Фуд ги спроведуваат активностите на организацијата на локално ниво. Сите членови на Слоу Фуд, се членови и на националната организација „Слоу Фуд Македонија“ и меѓународната организација, како и членови на конвивиумот. Секој конвивиум мора да дејствува според:

- Статут на конвивиум на Слоу Фуд;
- Статут на Слоу Фуд Македонија и
- Статутот на меѓународната организација Слоу Фуд.

Во членот 23 од Статутот на меѓународната организација Слоу Фуд се утврдени функциите и задолженијата на конвивиумот:

- промовирање на филозофијата на организацијата и вклучување на нови членови;
- развивање на мрежата на Тера Мадре и заедниците за храна во регионот на делување;
- развивање на организирано присуство на организацијата;
- развивање и промовирање на проекти за проучување на локалната храна;
- развивање и промовирање на проекти за заштита на локалните заедници на производители на храна;
- да се воспостават односи и соработка со јавни, владини и локални институции, научни и образовни институции за заштита и здруженија на производители, за да помогнат развивање и подигнување на свеста за производство на храна;
- соработка со други здруженија или субјекти за заштита на животната средина и почитување на природата, потребно е услов за зачувување на нашето гастрономско наследство, како и за одбрана и промоција на различни форми на култура и локалната историја;
- одржување врски со другите заедници;
- развој на активности за прибирање финансиски средства за поддршка на сопствените проекти и проектите на организацијата на регионално, прекугранично, национално и меѓународно ниво;
- формирање, кога е можно или потребно на советодавна комисија составена од експерти со задача да дава мислења и предлози за иницијативите што треба да се преземат.

Слоу Фуд не побарува секој конвивиум да биде регистриран како правен субјект (здружение на граѓани). Во ваков случај, членовите на Слоу Фуд, како неформална граѓанска иницијатива со потпишувањето на овој Проткол, од страна на Лидерот на конвивиумот се должни да ги почитуваат генералните правила и цели на Слоу Фуд. И во овој случај, важат сите акти, Статутот на конвивиум, правилници и деловници за работа во мрежата на Слоу Фуд Македонија.

Член 2.
Основање на конвивиум

За основање на конвивиум, основачки одбор од најмалку десет основачи, мора да поднесе формално барање до Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија. По одобрувањето и инструкциите се продолжува

постапката со свикување на основачко собрание на конвивиумот. По основањето, новиот лидер го потпишува „Протоколот за конвивиум“, и двете копии се праќаат до Меѓународниот одбор на директори на Слоу Фуд и Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија, заедно со записникот од собранието. Преку потпишување на протоколот, лидерот на конвивиумот ги прифаќа регулативите и во исто време бара овластување за употреба на логото и трговската марка на Слоу Фуд за тој регион (седиште/област на конвивиум), за кој ќе биде под овластување на конвивиумот (види дел 3 од протоколот).
Лидерот, во името на членовите на новиот конвивиум, со протоколот, аплицира за одобрение од Слоу Фуд Македонија. Протоколот ги содржи основите податоци за конвивиумот:

- полниот назив со кој сака да го именува конвивиумот;
- географската област покриена од страна на конвивиумот;
- имињата на лидерот и останатите членови на Управниот одбор.

Сите членови од Управниот одбор мора да бидат активни членови на Слоу Фуд и кои платиле членарина. Секој кој не е член, мора да се придружи и да ја плати претплатата при испраќањето на Протоколот за основање на конвивиумот.

Основањето на конвивиумот е официјализирано кога Слоу Фуд Македонија и Слоу Фуд ќе стават овластен потпис и Слоу Фуд мора да ја спроведе својата одлука до Лидерот и Управниот одбор во пишана форма во рок од 30 дена од денот на примањето на апликацијата. Официјалниот датум на основање на конвивиумот, ќе биде датумот кој е наведен веднаш до потписот на потврдата од Слоу Фуд.

Конвивиумот се смета за активен кога ќе има најмалку 10-15 регистрирани членови кои платиле членарина, и кога ќе организира најмалку три активности годишно, вклучително и Собрание на членовите на конвивиумот кое треба да се одржи до 31 март во годината. Записникот од собранието задолжително треба да го достави до Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија. Доколку не постојат овие услови, конвивиумот нема да се смета за активен и како таков ќе биде оценет од страна на Меѓународниот одбор на директори (Член 22 од Статутот на Слоу Фуд) и Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија, по што ќе се превземат активности за негово затворање.

Конвивиумот претставува основна организациона структура на Слоу Фуд: со оглед на отворениот и инклузивен карактер на Слоу Фуд, конвивиумот мора секогаш да спроведува активности за вклучување на нови членови. Затоа, не постои ограничување за максимален бројот на членови кои припаѓаат на еден конвивиум.

Лидерот и Управниот одбор на конвивиумот, имаат овластување да одлучат за бројот и за типот на активности кои се организирани од страна на конвивиумот, за што изготвуваат и Годишна програма со активности, која се усвојува на Собранието на членови.

Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија и Меѓународниот одбор на директори, може да го затвори конвивиумот, заради непочитување на одредени членови на протоколот, Статутот на конвивиум, Правилникот за употреба на лого, по што следи губење на правото на употребата на логото и трговската марка на Слоу Фуд и на можноста за употреба на алатките за идентификација со организацијата.

Член 3.
Управен одбор на конвивиумот

Статутот на меѓународната Слоу Фуд бара (Член 24 од Статут на меѓународната организација Слоу Фуд), лидерот на конвивиумот и членовите на Управниот одбор заедно да донесуваат одлуки и синергично да делуваат. Управниот одбор на конвивиумот се избира на Собранието на конвивиумот, кое исто така ќе ја

определи својата големина (5 или 7 члена). Тој се назначува за четири години и членовите имаат можност за реизбор, по истекувањето на мандатот. Со состаноците на УО, претседава Лидерот на конвивиумот.

Сите членови на УО на конвивиумот, мора да бидат членови на Слоу Фуд кои платиле членарина и не смеат да дозволат нивното членство да истече во текот на мандатот. Заменик лидерите и секретарот на конвивиумот се назначуваат од членовите на УО на конвивиумот. Секретарот е одговорен за управување со членовите и со финансиите на конвивиумот. Тој ќе ги одржува сметките и ќе се грижи чланарината за членството да е наплатена во Слоу Фуд во согласност со условите кои се предвидени со правилата.

УО на конвивиумот има задача да му помага на лидерот на конвивиумот. Членовите на УО треба да бидат информирани и консултирани од страна на лидерот на конвивиумот на организирани состаноци . Нивните консултации треба да бидат во врска со:

- планирањето на активностите на конвивиумот и подготовка на Годишна програма со активности на конвивиумот;
- подготовката на годишниот извештај со реализирани активности и финансиски извештај;
- свикување на вонредно Собрание кога ќе се појави неопходна потреба за тоа, независно од редовното годишно Собрание;
- подготовка и спроведување на внатрешните правила и регулативи кои се најдобри за спроведување на задачите и за администрирањето на конвивиумот;
- координација на административните активности со директиви и регулативи поставени од страна на Меѓународниот извршен комитет и од Националниот одбор;
- евалуација на правилната употреба на логото и трговската марка на Слоу Фуд во регионот на делување на конвивиумот.

УО на конвивиумот може да се состанува и во случаи кои не се наведени погоре, на пример:

- секогаш кога лидерот на конвивиумот смета дека е неопходно;
- доколку една третина од членовите на УО побараат(минимум два члена);
- дополнително, најмалку еднаш годишно за разгледување и решавање на финансискиот извештај на конвивиумот.

УО на конвивиумот се свикува од страна на лидерот на ковивиумот, преку пишана или електронска комуникација, најмалку три дена пред денот планиран за средбата.
За одлуките да бидат валидни, мора да има мнозинство од членовите на УО кои се присутни. Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови од присутните на средбата. Во случај на еднаков број на гласови, одлучувачки ќе биде гласот на лидерот на конвивиумот.

Член 4.
Лидерот на конвивиумот

Лидерот на конвивиум се предлага од страна на основачкиот односно управниот одбор од пристигнатите предлози на членовите на конвивиумот. Се избира на Собрание на конвивиум и неговиот мандат е 4 години со можност за повторен реизбор.

Лидерот на конвивиумот го претставува конвивиумот пред трети страни надвор од организацијата и ги раководи активностите кои ги спроведуваат членовите, а превзема и дополнителни обврски и задачи. Лидерот на конвивиумот ја претставува организацијата во регионот на конвивиумот. Одговорен е и за правилната употребата на логото на организацијата во согласност со принципите и правилата воспоставени во овој протокол, Статутот на конвивиумот и Правилникот за употреба на логоа на Слоу Фуд.

Задачите на лидерот на конвивиумот и на УО на конвивиумот, дополнително се опишани во Статутот на конвиивум и Деловниците за работа.

Лидерот на конвивиумот е одговорен за:

- организирање на локалните активности на конвивиумот (најмалку три активности годишно);
- претставување на организацијата во нејзините поврзаности со јавните субјекти, институции, медиуми, и производители во областа за која е одговорен;
- свикување на Собрание на членови на конвивиумот;
- подготовка на годишен извештај, кој ќе биде претставен на собранието на членовите и кој ќе овозможи транспарентност во работата на конвивиумот;
- подготовка на статуарните документи и список на членови;
- промовирање и имплементирање на сите стратешки цели кои ја карактеризираат организацијата и кои се прифатени од меѓународните и националните органи, особено, оние кои се обрзувачки и задолжителни.
- контрола на употребата на логото на Слоу Фуд, во областа на делување на конвивиумот. Известување на Меѓународниот извршен комитет или Националниот одбор во случаи кога тие неправино се употребени.

Член 5.
Собрание на членовите

Собранието на членови се одржува најмалку еднаш годишно. Учество земаат сите членови кои се зачленети во конвивиумот и кои платиле чланарина тековната година (Член 27 од Статут на меѓународната организација Слоу Фуд).

Задолжителни точки на дневниот ред се:

- одобрување на финансискиот извештај за претходната година;
- годишната програма за активности предложени од УО и членовите на конвивиумот.

Секој член мора да добие покана која ја содржи агендата на состанокот и тоа најмалку седум дена пред средбата. Може да се користи и електронска пошта. Собранието може да се одржи во исто време заедно со друг планиран настан.

Собранието на членови исто така може да биде свикано кога најмалку една третина од членовите на конвивиумот или Националниот одбор, ќе го побараат тоа. Одлуките на собранието се носат со просто мнозинство на оние кои се присутни.

Член 6.
Изборно собрание на конвивиумот

Изборното Собрание на конвивиумот мора да биде свикано во согласност со Деловникот за собрание на конвивиум и мора да се одржува најмалку еднаш на секои четири години (Член 27 од Статут на меѓународната организација Слоу Фуд).

На изборното собрание, се врши избор на лидер на конвивиумот и членови на УО. Лидерот и другите членови на УО, може да се реизберат од страна на собранието и повторно да добијат мандат. Доколку постојат барања за промени на избраниот лидер или членови на УО, изборот може да се изврши на годишното собрание.

Во случај на избор на нов лидер на конвивиумот и/или членови на нов УО, новиот лидер ќе мора да го потпише документот на протоколот (види делот 2 и 3 на протоколот) во кој се именуваат лидерот и новите членови на УО и барање за овластување за употреба на логото од Слоу Фуд. Истовремено доколку програмата на собранието вклучува дискусија за финансиските извештаи и програмата на активности, ќе биде прифатено дека Собранието се одвива како годишна средба за истата година.

Член 7.
Управување и регистрација на членството

Официјална база за податоци на членови на Слоу Фуд од целиот свет се води во седиштето на Слоу Фуд во Бра, Италија, која е управувана од сервисот за услуги за членови. На национално ниво, таква база поседува и Слоу Фуд Македонија во својата канцеларија.

Одреден процент од годишната членарина уплатена од неговите членови, ќе биде наменет за конвивиумот, зависно од утврдената формула за распределба од страна на Слоу Фуд Македонија. Висината на членаринатa се утврдува во **Правилник за членство во Слоу Фуд**.

Членството во Слоу Фуд е валидно за 12 месеци, од моментот на запишувањето во базата од податоци во седиштето на Слоу Фуд. Членството истекува на крајот на истиот месец како и на зачленувањето во следната година. Доколку, на пример, одреден член биде внесен во базата од податоци на 15-ти јули, 2018, датумот на истекување на членството ќе биде на 31-ви јули, 2019. Поради тоа што може да има недоследности помеѓу датумите за истек на членството во записите на конвивиумот и во базата на податоци на Слоу Фуд, важно е да се наведе дека официјалниот датум на истек е секогаш оној кој е запишан во базата на податоци на Слоу Фуд, кое одговара со она што е испечатено на членската картичка. Секој конвивиум треба да ги следи своите финансии и својата сопствена сметка во банка.

Слоу Фуд ќе испрати писмо со поттсетување до сите членови во текот на годината да го обноват членството. Од особена важност е конвивиумот да ги потсетува членовите да го обноват членството и обновувањето да биде како приоритет од страна на УО на конвивиумот. Секој член ќе прими нова картичка со ажуриран датум на истек на членството од Слоу Фуд и тоа секој пат кога ќе го обнови членството.

Во случај на престанок со работа на некој конвивиум, Националниот одбор донесува одлука за наследството, членството и распредбата на имотот на конвивиумот. Како и пренамената на утврдениот износ на средства од членаринатa.

Дел 2
Формулар за основање на конвивиум

Следните членови на Слоу Фуд аплицираат за да основаат конвивиум на Слоу Фуд (и да назначат Управен одбор на конвивиум):

Конвивиум _____

Делува во регионот: ---------- ----------и можност за дејствување во останатиот дел од територијата на Република Македонија .

_____

и се согласува да управува со него во согласност со правилата наведени во овој протокол.

1) Име и презиме	Тел.
Email	Факс
Адреса	
Град	Општина/регион
Поштенски код	Држава
Број на членска картичка	

2) Име и презиме	Тел.
Email	Факс
Адреса	
Град	Општина/регион
Поштенски код	Држава
Број на членска картичка	

3) Име и презиме	Тел.
Email	Факс /
Адреса	
Град	Општина/регион
Поштенски код	Држава Република Македонија
Број на членска картичка	

4) Име и презиме	Тел.
Email	Факс
Адреса	
Град	Општина/регион
Поштенски код	Држава Република Македонија
Број на членска картичка	

5) Име и презиме	Тел.
Email	Факс/

Адреса/	
Град	Општина/регион
Поштенски код	Држава Република Македонија
Број на членска картичка	

6) Име и презиме	Тел.
Email	Факс/
Адреса /	
Град	Општина/регион
Поштенски код	Држава Република Македонија
Број на членска картичка	

7) Име и презиме	Тел.
Email	Факс/
Адреса /	
Град	Општина/регион
Поштенски код	Држава Република Македонија
Број на членска картичка	

8) Име и презиме	Тел
Email /	Факс/
Адреса /	
Град	Општина/регион
Поштенски код	Држава Република Македонија
Број на членска картичка	

9) Име и презиме	Тел.
Email /	Факс/
Адреса /	
Град	Општина/регион
Поштенски код	Држава Република Македонија
Број на членска картичка	

10) Име и презиме	Тел.
Email /	Факс/
Адреса /	
Град	Општина/регион
Поштенски код	Држава Република Македонија
Број на членска картичка	

ВАЖНО: Освен ако не е поинаку наведено, лицето на првата позиција на листата ќе се смета и како лидер и како благајник на конвивиумот. Управниот одбор на конвивиумот може да имаа пет или седум членови.

Дел 3
Барање за овластување за употреба на лого

Се бара одобрение за:

1. Симболот стилизиран полжав и името Слоу Фуд (Slow Food), претставуваат заштитена трговска марка во Република Македонија, и како таква, подлежи на законите за авторски права и е заштитена со нив. Трговската марка Слоу Фуд не може да се употребува или репродуцира без дозвола од Слоу Фуд Македонија.

2. Конвивиумите може да ја користат трговската марка Слоу Фуд, само за иницијативи кои се блиску поврзани со активностите на нивната организација, организирани за членовите и за јавноста, според **„Правилник за користење на логоа на Слоу Фуд“**.

3. Конвивиумите се овластени да ја користат трговската марка Слоу Фуд, доколку тие го наведуваат заедно со името на конвивиумот.

4. Овластувањето се доделува од страна на Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија и Меѓународниот одбор на директори на Слоу Фуд, само после потпишувањето на Протоколот за основање на конвиивум.

5. Неактивен конвивиум го губи правото да го употребува логото Слоу Фуд. Слоу Фуд Македонија и Слоу Фуд треба да го известат конвивиумот доколку конвивиумот го загуби својот статус. Доколку после одреден временски период конвивиумот продолжува да не ги задоволува минималните барања, дозволата за употреба на логото може да се одземе и да се превземат активности за затворање на конвивиумот.

6. Употребата на називот за лични или за комерцијални причини, строго се забранува. Правото за употреба на името и логото ,,Слоу Фуд'', е привремено. Овластување за ваквата употреба може да се одземе од страна на Слоу Фуд и тоа во било кое време и заради конкретна причина.

Долу потпишаниот…… **ги прифаќа**
(кандидатот за лидер на конвивиумот)

правилата наведени во овој протокол, како лидер на конвивиумот, кој дејствува во име на конвивиумот, барам овластување од Слоу Фуд Македонија, за да ни се додели право за употреба на логото и трговската марка на Слоу Фуд, кое е предмет на услови и правила од Статутот на Слоу Фуд и Правилникот за употреба на логоата на Слоу Фуд.

…… ……
Потпис на кандидатот за лидер на конвивиумот Потврда од Слоу Фуд Македонија (потпис)

……
Датум на потврда

Slow Food®
Macedonia

Овој Протокол е донесен на седницата на Националниот совет на Слоу Фуд Македонија одржана на ден 30.06.2019 година.

Издание: **01**
Датум: **30.06 2019**